# Ten Barrels Cabernet Sauvignon 2009 Reserva




Премиум црвено вино добиено од сортата Cabernet Sauvignon. Виното има длабока рубин црвена боја со темноцрвена нијанса. Вистинска резерва со препознатлив, зрел и раскошен мирис со овошно-зачински карактер. Асоцира на ситнозрнесто црвено овошје, пред сé црна рибизла и капина во комбинација со сладок корен, темно чоколадо, печено кафе и нане. Оваа комплексност се должи на 26-месечното созревање во нови барик буриња од француски и американски даб. Вкусот е полн, хармоничен, со кадифеста структура, префинети свилени танини и продолжен пријатен послевкус кој на ова вино му дава посебен шарм.
Виното се послужува на температура од 16-18°C и одлично се комбинира со специјалитети од разни видови месо, а особено со бифтек во сос од зелен бибер или дивеч во пикантен сос.

Алкохол: 14.7 % Vol. Полнето: Јуни, 2012

НАГРАДИ:

- Vinalies Internationales 2012, Злато
- Sélections mondiales des Vins, 2012, Злато
- Vino Slovenija 2012, Шампион на суви црвени вина не постари од три години
- GAST 2012, Шампион на суви црвени вина
- Novi Sad 2012, Голем златен медал
- Balkans International Wine Challenge 2012, Злато